н.

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **29.06. 2012 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 7** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Комисија за проценка на штети**

Се објавува Решение за разрешување и именување на членови на Комисија за проценка на штети бр. 0701 – 590 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година.

**Бр. 0801- 593**
**29.06. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година ја донесе следната

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови на Комисија за проценка на штети**

**Член 1**

Од членови на Комисија за проценка на штети се расзрешуваат Васко Пашовски и Фрањо Шкорвага.

**Член 2**

За членови на Комисијата се избираат:

1. Јорданче Петков
2. Тони Митев

**Член 3**

На членовите на Комисијата ќе им се исплаќа надомест за деновите на извршена проценка и за изработка на Елаборат во висина на 8% од просечно исплатената нето плата на Р.М. во последните три месеци.

**Член 4**

Средствата за надомест на членовите на Комисијата од член 1 од оваа Одлука ќе се врши од Буџетот на Општина – Свети Николе.

**Член 5**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701 – 590**
**29.06. 2012 година**
**Свети Николе**

**Советот на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот**
**за одобрување на студијата за реконструкција и модернизација**
**на уличното осветлување во општина Свети Николе**

Се објавува Заклучокот за одобрување на студијата за реконструкција и модернизација на уличното осветлување во општина Свети Николе бр. 0701 – 591 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година.

**Бр. 0801- 593/2**
**29.06. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 ства 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За одобрување на студијата за реконструкција и модернизација**
**на уличното осветлување во општина Свети Николе**

1.СЕ ОДОБРУВА студијата за реконстуркција и модернизација на уличното осветлување во општина Свети Николе, изработена од Одделението за локален економски развој на општина Свети Николе.

2.Овој заклучок стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Свети Николе”

**Бр. 0701 – 591** **Цоветот на Општина Свети Николе**
**29.06. 2012 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за одобрување платформа за избор на стратешки партнер за реконструкција и модернизација на уличното осветлување во Општина Свети Николе**

Се објавува Заклучокот за одобрување платформа за избор на стратешки партнер за реконструкција и модернизација на уличното осветлување во Општина Свети Николе бр. 0701 – 592 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година.

**Бр. 0801- 593/3** **Градоначалник,**
**29.06. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самопурава (Службен весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.06. 2012 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За одобрување платформа за избор на стратешки партнер за реконструкција и модернизација на уличното осветлување во Општина Свети Николе**

1.СЕ ОДОБРУВА платформата за избор на стратешки партнер за реконструкција и модернизација на уличното осветлување во општина Свети Николе, доставена од Градоначалнникот на општина Свети Николе.

2. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Свети Николе.

**Бр. 0701 – 592** **Цоветот на Општина Свети Николе**
**29.06. 2012 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за разрешување и именување на членови на Комисија за проценка на штети . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 1

2. Заклучок за одобрување на студијата за реконструкција и модернизација на улично осветлување во Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 3

3. Заклучок за одобрување платформа за избор на стратешки партнер за реконструкција и модернизација на улично осветлување во Општина Свети Николе ……………………………………………………………………………….стр. 3

**Бр. 0701 – 594**
**29.06. 2012 година**
**Свети Николе**

**Советот на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**